# Извештај за учество на собранија на акционери за месец мај 2018 година

Јуни, 2018 година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОБРАНИЈА НА АКЦИОНЕРИ ВО МЕСЕЦ МАЈ 2018 ГОДИНА

## I) Општ дел

Листа на издавачи чии хартии од вредност се стекнати со средства на пензиските фондови со кои управува КБ Прво пензиско друштво АД Скопје кои одржале собранија на акционери за месец мај 2018 година.

| Компанија | ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | |
|---|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензиските фондови | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје<br>КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 0,43%<br>0,20% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупно издадените хартии од вредност од страна на издавачот | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје<br>КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 4,78%<br>0,05% |
| Датум на одржување на собранието | | 17.05.2018 |
| Дневен ред | **I. Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието.<br>2. Избор на работни тела:<br>-Избор на Претседавач,<br>-Записничар (Нотар) и Комисија за броење гласови.<br><br>**II. Работен дел**<br>1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел.<br>2.Усвојување на Записникот од XXXIX-та седница на Собранието на акционери на Банката.<br>3. Воведно излагање на Претседателот на Управниот одбор на Банката.<br>4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со:<br>-Предлог – одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно.<br>5.Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година со писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:<br>Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење.<br>6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2017 година, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:<br>Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење<br>7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, со:<br>Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, и .<br>Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со годишната сметка за 2017 година.<br>8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2017 година | |

| | |
|---|---|
| | 9. Предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје<br>10. Предлог-одлука за назначување друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година. |
| Претставник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Горан Мартиноски - Раководител во сектор за управување со средства |

## II) Посебен дел

## ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

| Дневен ред | Одлуки | Гласање на КБ Прво пензиско друштво |
|---|---|---|
| **I. Процедурален дел** | | |
| 1. Отворање на Собранието. | | |
| 2. Избор на работни тела: | | |
| -Избор на Претседавач, | Едногласно беше изгласан изборот на претседавачот | "ЗА" |
| -Записничар (Нотар) и Комисија за броење гласови. | Едногласно беше изгласан предлогот | "ЗА" |
| **II. Работен дел** | | |
| 1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел. | Претседавачот истакна дека дневниот ред е доставен во матерјалите и бидејќи во предвидената постапка со Деловникот за работа со Собранието на банката нема предлози за дополнување истиот го стави на гласање и беше едногласно усвоен. | "ЗА" |
| 2.Усвојување на Записникот од XXXIX-та седница на Собранието на акционери на Банката. | Записникот од XXXIX-та седница на Собрание на акционери на Банката, беше едногласно усвоен. | "ЗА" |
| 3. Воведно излагање на Претседателот на Управниот одбор на Банката. | Во воведното излагање на г-ѓа Бранка Павловиќ беше претставена макроекономскиот амбиент во кој работеше банката во изминатата година, за тековната состојба на пазарот како и очекувања за движењето на економијата до крајот на 2017 година. Беше напоменато дека Охридска банка АД Скопје успешно работи на својот раст и развој на македонскиот пазар. | "ЗА" |
| 4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со:<br>-Предлог – одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечните членови и колективно. | Одлуката за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, од аспект на поединечни членови и колективно беше усвоена | "ЗА" |
| 5.Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година со писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:<br>Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење. | Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење беше усвоен од присутните акционери на Собранието. | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на<br>Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2017 година, со<br>мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и<br>писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор<br>на Банката, со:<br><br>Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година и писменото мислење | Представникот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје го образложи позитивиното мислење на ревизорскиот извештај и при тоа истакна дека Извештаите се во согласност со законските прописи и со меѓународните стандарди, овој извештај беше усвоен со мнозински број гласови од присутните акционери. | "ЗА" |
| 7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, со:<br><br>Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година, и .<br><br>Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со годишната сметка за 2017 година. | Годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2017 година беа усвоени со мнозински број гласови од присутните акционери на собранието.<br>Присутните акционери со мнозински број гласови донесоа одлука нето добивката остварена по Годишната сметка на Охридска банка АД Скопје за 2017 година во износ од 351.018.981 денари беше распределена за<br>1. Задржана нераспределена добивка 165.907.181 денари<br>2. Задржана добивка за инвестициски вложувања - реинвестирана добивка 150.000.000 денари<br>3. Дивиденда за исплата 35.111.800 денари | "ЗА" |
| 8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2017 година | Присутните акционери едногласно ја усвоија одлуката за употреба и рапоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2017 година во бруто износ од 35.111.800 денари. Износот на бруто дивиденда по акција изнесува 68 денари.<br>Последенен датум на тргување со право на дивиденда за 2017 година е 30.05.2018 г.<br>Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2016 година е 31.05.2018 г<br>Исплатата на дивиденда за 2017 година ќе започне на 12.06.2018 година. | |
| 9. Предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје. | Беше усвоена предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје со мнозински број гласови од присутните акционери. | "ЗА" |
| 10. Предлог-одлука за назначување друштво за ревизија за работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година. | Со мнозински број гласови од присутните акционери за друштво за ревизија на работењето на Охридска банка АД Скопје за календарската 2018 година го назначи друштвото Ернст и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје (Ernst & Young). | "ЗА" |

**Скопје,**
**13.06.2018 година**